Република Северна Македонија Republika e Maqedonisë së Veriut
Општина Липково Komuna e Likovës
Tel/Fax: +389/31-463-180; 031/463-179
e-mail: m_likova@yahoo.com
Web: www.komunaelikoves.gov.mk

Бр.18-121/ 6 од 18.03.2019 год.

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), Општина Липково, на ден 18.03.2019година, донесе

## Одлука за Неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ УПВНМ за изградба Г2-лесна и незагадувачка индустрија, А4-времено сместување, В2-големи трговски единици, м.в. Шамак, КО Опае, општина Липково, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на општина Липково, www.komunaelikoves.gov.mk
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ УПВНМ за изградба Г2-лесна и незагадувачка индустрија, А4-времено сместување, В2-големи трговски единици, м.в. Шамак, КО Опае, општина Липково, нема да има негативно влијание врз животната средина од следните причини: Целта на изработка на урбанистичка документација е да се стимулира развојот на туризмот, трговијата и стопанството на овој дел од општината со цел определување на правците на ширење на локации за производство, трговија и времено сместување за овој и наредните плански региони. Овој план е со опфат од 2.3 ха. Со правилно планирање и проектирање и добра анализа на влијанијата, предвидената активност во својата оперативна и функционална фаза нема да претставува значителен товар врз животната средина.
4. Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Изготвила, Dije Arifi
Контролирал, Feim Selmani
Одобрил, Nexhadi Osmani

Општина Липково
Градоначалник,
m-r Erkan Arifi